Наративен извештај за јули 2020 година

- Кабинет на директорот на Јавното претпријатие за државни патишта, Зоран Китанов

Директорот на ЈП за државни патишта во рамките на своите работни обврски го организира и раководи процесот на работењето, како и работата на претпријатието. Во текот на месец јули 2020 година, активностите на директорот Китанов беа прилагодени согласно со препораките на Владата и Министерството за здравство за потребата од преземање дополнителни мерки и активности за превенција од ширење на пандемијата со коронавирусот COVID 19 која се појави во Република Северна Македонија, како и во останатите држави во светот.

Во врска со активностите на директорот потребно е да се напомене дека големо влијание имаше и изборниот процес каде што согласно изборниот законик предвидува одредени оганичувања за постапување.

Беа потпишани договори со изведувачи за шест делници кои ќе се рехабилитираат во должина од 84 километри со обезбедени средства од Европската Банка за обнова и развој. Рехабилитирани ќе бидат следните делници:

1. Рехабилитација со проширување на автопат А1, делница Петровец – Катланово (лев и десен коловоз), во должина од 5,5 км.
2. Рехабилитација на регионален пат Р1202, делница Маврови Анови – Жировница, во должина од 18,5 км.
3. Рехабилитација на регионален пат Р 1303, делница Кичево – Македонски Брод, во должина од 25 км.
4. Рехабилитација на регионален пат Р1206, делница Карпалак – Желино, во должина од 16 км.
5. Рехабилитација на регионален пат Р1210, делница Узем – Тораница, во должина од 9 км.
6. Рехабилитација на регионален пат Р1210, делница Македонска Каменица – Саса, во должина од 10 км.

Изведувачите ќе бидат воведени во работа по што отпочнуваат со подготвителните активности.

Директорот Зоран Китанов ја извести јавноста дека делницата Штип – Крупиште која е дел од експресниот пат во изградба А3 Штип - Кочани, е во функција, односно може да се користи за сообраќај. Финансиските средства беа обезбедени од

Европската Банка за обнова и развој, која што вредност изнесува 19,12 милиони евра, додека пак нејзината должина е 14,3 км.

Исто така завршени се градежно санациони работи на мост бр.4 на Р2344 (Чашка - Лисиче). Мостот изграден над река Тополка претставува армиранобетонска коструктија на еден распон со должина од 9,8м. Со реконструкцијата на мостот ширината на асфалтниот коловоз изнесува 6м. Со санацијата под асфалтниот коловоз изведена е нова армиранобетонска плоча, како и парапетни греди на кои е поставена заштитна одбојна ограда по EN-стандадри. Реконсонструирани се комплетно двата крајни столба и армиранобетонските крила и нивните темели. Градежно санациските работи на мостот се финансирани со средства од буџетот на Јавното претпријатие за државни патишта во вредност од 9,4 милиони денари.

Кога станува збор за транспарентност директорот на Јавното претпријатие за државни патишта Зоран Китанов како и секогаш на неколку медиумски куќи, и овојпат одговори на прашања за кои што јавноста покажува голем интерес особено кога се работи за патната инфраструктура.

Со средства од буџетот на Јавното претпријатие за државни патишта се изведуваат градежни активности на повеќе делници, меѓу кои би ги спомenале Санацијата на свлечиштето на Р2238 Маврово – Галичник, во вредност од 19,9 милиони денари. Санацијата на свлечиштето е во завршна фаза, се очекува до крајот на овој месец да заврши. Се рехабилитира регионалниот пат Р1309 делница Кочани – Пониква втората фаза, во должина од 7,4 км. и вредност од 41,60 милиони денари. На делницата иструган е постоечкиот асфалт на 7,4 км, и асфалтирано е 4,1 км. Воедно се завршени неколку рехабилитации меѓу кои спаѓаат:

Рехабилитација на регионален пат Р1105 делница Раброво – ГП Дојран, во должина од 8 км. и вредност од 57,57 милиони денари.

Рехабилитација на регионален пат спој Р1201 Вевчани – Октиси – спој А2, во должина од 7,9 км. и вредност од 48,46 милиони денари.

Рехабилитација на регионален пат Р1402 делница с.Банско – с. Колешино, во должина од 5,6 км. и вредност од 25 милиони денари.

Рехабилитација на регионален пат Р2336 делница Оморани – Теово во должина од 2,2 км. и вредност од 10 милиони евра.

Рехабилитација на регионален пат Р2233 делница Чајле – Форино – Чегране во должина од 5,6 км. и вредност од 25 милиони денари.

Рехабилитација на регионален пат Р2238 делница Гарски мост – Лазарополе во должина од 2,7 км. и вредност од 12 милиони денари.

Рехабилитација на регионален пат Р1206 делница Тетово - Боговиње во должина од 1,1 км. и вредност од 5 милиони денари.

Рехабилитација на регионален пат Р1312 делница Стари град – крстосница Богомила во должина од 3,3 км. и вредност од 15 милиони денари.